# ПЛАН ЗА ЕВАЛУАЦИЈА

# ИПАРД 2014-2020

(Во согласност со член 54 од Секторската спогодба)

(Нацрт Верзија)

Скопје , Јануари 2016

Project implemented by: IPARD Managing Authority
Str. Aminta Treti 2, Skopje; Tel: +389 2 313 44 77
Financed: Measure Technical Assistance (501) under IPARD programme 2007-2013

# СОДРЖИНА

1. Цели и намена на планот за евалуација........................................................................4
2. Управување и координација........................................... Error! Bookmark not defined.
3. Теми и активности за евалуација.................................. Error! Bookmark not defined.
4. Податоци и информации ..........................................................................................................8
5. Временска рамка ................................................................. Error! Bookmark not defined.
6. Комуникација........................................................................ Error! Bookmark not defined.
7. Ресурси..................................................................................... Error! Bookmark not defined.

## 1. Цели и намена на планот за евалуација

Системот за евалуација има задача да им обезбеди на институциите и засегнатите страни ангажирани во Програмата за управување и имплементација, веродостојни информации за резултатите и влијанијата на програмата кои ќе им помогнат во донесувањето на значајни одлуки за управување. Оттука произлегува и потребата за подготовка на план за евалуација, како составен дел на ИПАРД, за повеќе определени евалуациски активности и подобро искористување на резултатите од оценката.

Планирана и структурирана евалуација ќе обезбеди соодветни податоци и средства за задачите на евалуацијата. Тоа ќе го намали административниот товар и ќе ги насочи евалуационите активности кон потребите на засегнатите страни на ИПАРД.

Планот за евалуација исто така треба да воспостави врска помеѓу активностите за набљудување, проценување и известување, за време на програмскиот период, годишните извештаи, пред евалуацијата и после по евалуацијата. Тоа ќе обезбеди стабилните докази од наодите на проценката да се пренесуваат помеѓу сите засегнати страни на ИПАРД.

Планирањето евалуација на самиот почеток на имплементација на програмата ќе обезбеди сеопфатен преглед на евалуацијата за интервенција на политиката за рурален развој во обласа на ИПАРД, така што сите учесници се свесни за планираните резултати.

## 2. Управување и координација

Со цел да се осигура дека системот за мониторинг и евалуација е во можност да испорача резултати, предуслов е добро дизајниран и стабилен систем на управување. Рамковната и Секторската спогодба ги поставуваат законските услови и ги дефинираат одговорните тела за спроведувањето на задачите на мониторинг и евалуација.

Целокупната одговорност за организирање на процесот на евалуација на IPARD Програмата е во надлежност на Одделението за Програмирање и Евалуација на ИПАРД, во рамки на Телото за управување со ИПАРД. Тие се одговорни за изготвување на план за евалуација и координирање на неговото имплементирање. Телото за управување е исто така одговорено за проследување на секоја евалуација до Европаската Комисија, и за објавување на извештаите во јавноста. Покрај тоа, шефот на Телото за управување е претседавач на Управниот комитет за евалуација, одговорен за олеснување на соработката помеѓу засегнатите страни во мониторингот и евалуацијата и обезбедување на надградба на засегнатите страни. ТУ е непосредно вклучен во прибирање и обработка на податоците од мониторингот.

Мониторинг комитетот има одговорност да го следи спроведувањето на програмата и напредокот кон остварувањето на целите, главно преку употребата на индикатори, како и разгледување и одобрување на ГИС пред да се испратат до ЕК. Мониторинг комитетот ги испитува активностите и резултатите во врска со напредокот во спроведувањето на планот за евалуација и може да даде препораки до ТУ во врска со имплементацијата и евалуацијата на програмата, а потоа следуваат акции преземени како резултат на неговите препораки.

Платежната Агенција има важна улога во евалуационите активноси, бидејќи имаат информации за апликациите, поддржаните проекти, плати и контроли. Со други зборови, многу од основните податоци кои се потребни за спроведување на процесот на евалуација се чуваат во Платежната Агенција. Затоа, процедурите и Спогодбата за спроведување помеѓу Платежната Агенција и Телото за Управување ќе обезбедат навремен пристап и достава на податоци за целите на евалуацијата.

Управниот Комитет за евалуација вклучува претставници од ТУ, РА, соодветни организациони оддленија од МЗШВ и релевантни засегнати страни кои се воспоставува со одлука на Министерството. Основни задачи на Управниот Комитет за евалуација се:

- да утврди дали евалуаторот е обезбеден со целосен пристап до информации;
- ја следи работата на евалуаторот;
- да ја утврди методолошката валидност и исправност на заклучоците;
- да ги потврди извештаите од евалуацијата;

- следи дали е обезбедена адекватна комуникација и публикација на извештаите од евалуацијата од страна на ТУ.

Кога е потребно, во соработка со Државниот завод за статистика, релевантни министерства, национални и регионални институти и агенции и со други добавувачи на податоци, Телото за Управување ќе го дефинира форматот, начинот и периодот на собирање на податоци и обезбедување на показателите кои се неопходни за спроведување на евалуационите задачи.

Корисниците на ИПАРД се директно вклучени во мониторингот и евалуациониот процес на два начина. Тие се должни да обезбедат релевантни информации за мониторингот и евалуацијата на програмата и преку организациите кои ги претставуваат корисниците, како што се земјоделските синдикати и здруженија тие се вклучени во МК и управната група за евалуација.

Евалуаторите мора да бидат надворешни и независни од организации кои имаат некои минати, сегашни или престојни идни врски со дизајнот, формулацијата и спроведувањето на ИПАРД Програмата, проекти или активности кои се евалуираат. Поради оваа причина, членовите на ТУ кои се директно или индиректно вклучени во ИПАРД Програмата која се евалуира, не можат да бидат дел од евалуационит тим. Затоа процесот за избор на консултант(и) за евалуација ќе се врши во надлежност на Одделението за Техничка Помош и Публицитет на ИПАРД, кое е одговорно за подготовка на тендерска документација врз основа на проектни задачи предвидени од Одделението за Програмирање и Евалуација, да воспостави тендерска комисија за евалуација и раководи со постапката за склучување на договор во согласност со насоките на ЕК за јавни набавки.

По основањето Националната Рурална Мрежа ќе учествува во прибирање на разни податоци и вклучување на дисеминацијата на наодите и препораките од евалуацијата во нивниот План за Акција и Комуникација. Исто така, НРМ ќе има свој претставник во Управниот Комитет за евалуација.

## 3. Теми и активности за евалуација

ИПАРД II Програмата ќе биде предмет на ex-ante, ex-post, кои се сметаат за соодветни од страна на Комисијата, за време на евалуација извршена од страна на независни евалуатори под одговорност на ТУ. Евалуации можат да се вршат на политичко, стратешко, тематско, секторско, програмско и оперативно ниво, како и на државно или регионално ниво.

Евалуациите ги испитуваат:

- степенот на искористеност на ресурсите;
- ефективноста и ефикасноста на програмирањето;
- социо-економското влијание и влијанието на дефинираните цели и приоритети.

Особено ефективноста на мерките на ИПАРД Програмата ќе биде оценета врз основа на нивното вкупно влијание врз:

- придонесот во подготовката на земјата за имплементација на политиките во согласност со Заедничката Земјоделска Политика и поврзаните политики;
- придонесот во одржливото прилагодување на земјоделскиот сектор и руралните средини во земјата
- целите на ИПАРД II Програмата.

Евалуациите ќе ги покриваат целите на ИПАРД II програмата и имаат за цел да подготват лекции во врска со политиката за рурален развој. Ќе ги идентификуваат факторите кои придонеле за успехот или неуспехот во спроведувањето на ИПАРД II програмата, вклучувајќи ги и одржливоста на активностите и идентификацијата на најдобрите практики. Извештаите од еволуцијата ќе ја објаснат користената методологија, а вклучуваат и проценка на квалитетот на податоците и наодите.

Во раната фаза на спроведувањето на ИПАРД програмата, активноста на евалуацијата ќе биде фокусирана на ефикасноста и ефективноста на процесите на имплементација. Целта е да се обезбедат докази за да се оспособи ТУ за било какви промени во програмата или подобрување во процедуралните аранжмани во Платежната агенција.

Со воведувањето на мерката LEADER и воспоставувањето на Националната Рурална Мрежа, ќе бидат развиени специфични барања во врска со активностите на евалуацијата.

Ex-post евалуацијата ќе се спроведе за да се сумира напредокот на резултатите и индикаторите на влијание и да се анализираат нето ефектите. Ова ќе ги даде потребните докази, научени лекции и ќе му помогне на ТУ да ги започне подготовките за новиот програмски период.

## 4. Податоци и информации

Процесите за утврдување на податоци, собирање на податоци, докажување на податоци и подготвувањето на Табелите за следење како алатка на системот за собирање на податоци во врска со физичките, финансиските и еколошките индикатори, се опишани во упатството за работа на ТУ.

ТУ на ИПАРД е одговорено за воспоставување на ефикасен систем на собирање на статистички и финансиски податоци за целите на мониторингот и евалуацијата.

Податоците треба да се собираат преку голем број на различни инструменти и од страна на различни агенции. Податоци може да се прибираат од примарни и/или секундарни извори. Примарни податоци се собираат со употреба на методи како интервјуа, прашалници, фокус групи, обзервации, студии на случај, дневници, критични инциденти, портфолија итн. Собирањето на примарни податоци како скап метод, често се користи за надополнување на недостатокот на податоци за мерење на одреден индикатор или за или за поткрепување на квалитетот и валидноста на секундарните податоци.

Секундарните податоци се собираат од базите на податоци и постоечки регистри во рамките на институциите, агенциите или од страна на невладини организации.

За да се избегне повторување на напорите, правење непотребни трошоци и исцрпување на информаторите, се препорачува секогаш кога е можно, користење на постоечките информации (секундарни податоци) како што се:

- податоци од управување и мониторинг;
- студии и истражувања сродни на областа која се истражува;

- објавени статистички извори;
- извештаи од евалуации и нивни анекси.

ИПАРД Агенцијата ќе има својство на главен доставувач на информации за мониторинг и евалуација за ТУ, одговорено за обезбедување на валидни и прецизни податоци за физичките, еколошките и финансиските индикатори како во табелите за следење подготвени од страна на ТУ. Во случај да се појават грешки, ИПАРД Агенцијата е должна да ги корегира настанатите грешки и да поднесе исправки со објаснување до ТУ веднаш откако грешките ќе се појават.

Податоците треба да се обезбедуваат на месечна, полугодишна и годишна основа. Месечните податоци од мониторингот треба да се обезбедат не подоцна од 10ти во месецот за претходниот месец, полугодишните податоци треба да се обезбедат не подоцна од 15ти јули за периодот од 1ви Јануари до 30ти јуни. Годишните податоци од мониторингот треба да се обезбедат не подоцна од 31ви јануари секоја година за претходната година.

Во прилог на барањата за податоци од мониторинг, како што е предвидено во табелите за следење, на барање на ТУ, ИПАРД Агенцијата треба да обезбеди дополнителни податоци во рок од 10 работни дена од денот на приемот на барањето од ТУ. Барањето од ТУ треба да биде поткрепено со детали за бараните податоци и форматот кој ќе се користи.

Табелите за следење се изработуваат во Одделението за Мониторинг и Известување (Телото за Управување), во консултација со Комисијата и одобрени од Комитетот за мониторинг на ИПАРД. Тие се пополнуваат од страна на доставувачот на информации. Покрај од Платежната Агенција, податоци ќе се собираат и од постоечките регистри на други доставувачи на информации како што се Државниот завод за статистика, МЗШВ и други различни регистри на министерства, агенции и институти. Сите овие доставувач на информации, на барање обезбедуваат потврдени податоци. Евалуаторот самостојно ќе ги побара сите податоци кои недостигаат, а се потребни за активностите на евалуацијата, но во исто време ТУ треба да се извести за таквите барања.

Различни податоци, исто така, можат да бидат побарани од формуларите за аплицирање заради подготовка на поинакви анализи и извештаи. Згора на тоа корисниците треба да обезбедат достапност до податоците за инвестиција пет (5) години по приемот на последната исплата.

Заштита на личните податоци е обезбедена во рамките и во согласнот со одредбите од Членот 86 од Регулативата на ЕУ бр. 1305/2013 и во согласност со Законот за заштита на лични податоци (Службен весник на РМ, бр. 07/2005, 103/2008, 124/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014 и 153/2015).

Можното воведување на електронски апликации за ИПАРД (за сите или за некои од мерките), може значително да придонесе за подобрување на пристапот и обработката на податоците.

## 5. Временска рамка

ТУ треба да обезбеди евалуациите на ИПАРД Програмата се спроведуваат во рамките на роковите утврдени во Секторската Спогодба на ИПАРД, во согласност со заедничката рамка за мониторинг и евалуација, како и за поднесување на преземените евалуации на релевантните национални власти и ЕК.

Евалуацијата е поделена на три основни фази:

- Ex-ante евалуација (прелиминарна)
- интерим/континуирана евалуација
- Ex-post евалуација (последователна)

Ex-ante евалуацијата ќе биде дел од изготвувањето на ИПАРД Програмата и има за цел да ја оптимизира распределбата на буџетските ресурси и да го подобри квалитето на програмирањето. Ex-ante евалуацијата за ИПАРД Програмата беше изведена непосредно пред конечното поднесување на Програмата пред ЕК. Таа беше изведена од страна на независни евалуатори и прелиминарниот извештај е вклучен во Глава 14 (Резултатите и препораките на прелиминарната евалуација на Програмата) од ИПАРД Програмата за 2014-2020.

Доколку Комисијата смета дека е соодветно, во третата година по годината од донесувањето на првото доделување на задачите за имплементација на буџетот за ИПАРД II програмата, ќе се направи интерим евалуација.

Интерим евалуациата ќе биде поднесена до Комитетот за мониторинг на ИПАРД II и до Комисијата најдоцна до 31ви декември во годината наведена во претходниот став.

Најдоцна до крајот на првата година по периодот за имплементација на програмата, ќе се спроведе пост евалуацијата за ИПАРД II. Овој извештај треба да се заврши и достави до Комисијата најдоцна до крајот на годината.

Краток преглед на активностите кои се преземени во врска со евалуациониот план и синтеза на сознанијата од сите евалуации на програмата, кои станаа достапни во текот на претходната календарска година се вклучени во годишните извештаи за имплементација (подготвени до 30ти јуни секоја година, со првата до 30ти јуни, 2016) и во финалниот извештај за имплементација на ИПАРД II програмата (се доставува најдоцна 6 месеци по крајниот датум за за оправдување на трошоците во рамките на ИПАРД II Програмата).

Следниот индикативен преглед го објаснува временскиот план за евалуационите активности на ИПАРД II Програмата:

2016 – Идентификување на потребите на евалуацијата специфични за програмата, дефинирање на прашања и индикатори на евалуација специфични за програмата, идентификување на потребните евалуациони податоци и извори на податоци потребни за селекција; одлучување за податоците кои треба да се соберат за евалуацијата преку мониторинг систем од формулари, налози како и други средства за мониторинг.

2017 – ТУ го набљудува напредокот на Програмата и собира корисни информации преку мониторинг системот во врска со производот, целта и комплементарни индикатори за резултат, со цел да се подготви ГИС; подготовка на ToR и процедури за тендери и склучување на договори за надворешни евалуатори/експерти.

2018 – Се ангажира надворешен евалуатор/експерти за собирање на дополнителни информации/податоци за да се потполнат недостатоците на информации и да се спроведе ad hoc евалуација за да се подготват инпутите за ГИС 2018.

2019 – ТУ врши контрола на квалитетот на наодите од евалуацијата и на секој друг инпут што го обезбедува евалуаторот; резултатите од евалуацијата се дискутираат со групата за управување на евалуацијата и со Комитетот за мониторинг; ако има потреба, во врска со наодите од евалуацијата, ТУ ќе подготви предлог за модификација на ИПАРД II Програмата.

2020 – Спроведување на ad hoc евалуациони студии, доколку е потребно;

2012 – ТУ обезбедува потребните ресурси да се достапни за преземање на евалуациони задачи до 2024.

2022 – Подготвување на работни задачи и спроведување на тендерска процедура, за да се осигура дека му е дадено доволно време на надворешниот евалуатор да спроведе ex post евалуација.

2023 – Сите проекти договорени под ИПАРД 2014-2010 период на програмирање ќе бидат финализирани, вклучувајќи и прибирање на податоци од мониторинг корисни за производот, целта и дополнителните показатели на резултати. Покрај тоа, некорисните податоци се собираат, обработуваат и синтетизираат во соглсаност со избраните евалуациони методи и барања за известување, а со цел да се овозможи проценка на влијанијата на програмата и постигнувањата кон целите на ЕУ и на руралниот развој во ex post евалуацијата на ИПАРД од 2024.

2024 – До 30ти Јуни 2024 МА го изготвува и доставува стандардниот 2024 AIR (покривајќи ја 2013), а до 31ви Декември 2024 пост евалуациониот извештај.

Телото за Управување ќе информира секоја година за достигнатите резултати во евалуциониот план на Комитетот за Следење на ИПАРД II со копии до Ревизорското Тело.

## 6. Комункација

ТУ е одговорен и треба да ги стави на располагање резултатите од евалуационите активности на одговорните актери вклучени во ИПАРД системот, на корисниците на ИПАРД, научната заедница, економски партнери и различни засегнати страни. Наодите од евалуацијата ( Евалуациони Извештаи) ќе биде дел од Годишните извештаи од мониторинг кои треба да се објавуваат редовно (на годишна основа) на веб-сајт или да се користи било кој друг тип на објавување.

По формирањето на Националната Рурална Мрежа, Планот за Акција и Комуникација на Руралната Мрежа ќе вклучува и начин на информирање и известување за активностите и резултатите од евалуацијата.

Евалуациониот Извештај ги идентификува и оценува средните и долгорочните потреби, целите кои треба да се остварат, резултатите кои се очекуваат,

квантитативните цели особено оние кои се однесуваат на влијанието во однос на основната состојба, придонесот на заедницата, степенот до кој дефинираните приоритети се земаат во предвид, научените лекции и квалитетот на постапките за спроведување, мониторингот на Програмата, евалуација и финансиско управување.

Системот за спроведување на резултатите од евалуацијата е развиен и опишан во прирачниците за работа со процедури на ТУ.

Целна група (за кого) и нивната потреба од информации (што), потоа методите и средствата за комуникација соодветни за секоја група (како), времето на комуникација (кога) и одговорните лица (кој) се опишани во табелата подолу:

| КОЈ | ЗА КОГО | ШТО | КОГА | КАКО |
|---|---|---|---|---|
| Телото за Управување, Платежната Агенција | ИПАРД оперативната структура (ТУ, ПА, ИПАРД, МК членовите и сл.) | Управување со програмата и процесот на имплементација | До 30 Јуни секоја година (во ГИС) | Интерни состаноци, Веб стра, ГИС |
| Телото за Управување, Платежната Агенција | Јавноста | Процесот на имплементација, барањата, ефектите, влијанијата и сл. | После секоја промена на програмата/или кога е потребно | Веб страна, состаноци, работилници, весници, збирни извештаи, јавни медиуми и сл. |
| Телото за Управување, Платежната Агенција | ЕК, Владините тела (составувачи на политики) | Управување со програмата, имплементацискиот процес, резултатите, ефектите и влијанијата | Во согласност со Секторската Спогодба и на нивно барање. Годишните Евалуациски Извештаи, Тековни евалуациски Извештаи и Ex-post | Интерни состаноци, збирни извештаи, ГИС. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Евалуациските Извештаи ќе бидат пратени до Комисијата до 31 Декември. | |

## 7. Ресурси

Имплементацијата на Планот за евалуација а со тоа и евалуацијата на ИПАРД II програмата ќе се спроведе во рамките на мерките за техничка помош. Надворешни независни евалуатори/експерти ќе бидат ангажирани за спроведување на ИПАРД II евалуации, ad hoc евалуации или одредени студии.

Најголем дел од активностите на системот за евалуација ќе бидат управувани од страна на внатрешните ресурси на ТУ. Затоа постои чиста потреба од квалитативно и квантитативно зајакнување на човечките реусрси на ТУ. Во Одделението за Програмирање и Евалуација на средствата од ИПАРД треба да биде назначен советник за евалуација како и соработник за ефикасно извршување на задачите на евалуацијата. Исто така, важни делови од оваа активност се и развојот на вештините на сите нивоа и градењето на капацитетот на останатите актери во оваа евалуација, како и развојот на постапките и алатките за евалуација.

Индикативниот буџет за имплементација на Евалуациониот План и распределбата на финансиските средства на годишно ниво претставуваат 30% од средствата наменети за техничка помош за периодот на програмирање од 2014-2020 година.